**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ**
**За период Јануари - Септември 2018 година**

Алкалоид АД Скопје за периодот Јануари - Септември 2018 оствари позитивни финансиски резултати искажани во неревидираните единечен и консолидиран Биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2018 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на Алкалоид АД Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во периодот Јануари - Септември 2018 година изнесуваат 5.791.022 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2017 година бележат пораст од 8%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 95%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2017 година бележат пораст од 7%.

Остварените консолидирани вкупни приходи во периодот Јануари - Септември 2018 година изнесуваат 7.398.630 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2017 година бележат пораст од 8%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 98%, имаат приходите остварени со продажба на производи и услуги кои во споредба со остварените во 2017 година бележат пораст од 9%.

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во периодот Јануари - Септември 2018 година изнесуваат 5.134.228 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2017 година бележат пораст од 8%.

Остварените консолидирани вкупни расходи во периодот Јануари - Септември 2018 година изнесуваат 6.736.007 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2017 година бележат пораст од 8%.

**Дивиденда**

На 2 април 2018 година на Годишното собрание на акционерите е одобрена пресметка и исплата на бруто дивиденда за 2017 година во износ од 386.465 илјади денари односно 270 денари бруто за една акција. Исплатената нето дивиденда за 2017 година изнесува 243 денари за една акција.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот Јануари - Септември 2018 година изнесуваат 873.482 илјади денари.

**Обврски по кредити**

Вкупните консолидирани обврски по кредити на 30.09.2018 година изнесуваат 646.451 илјади денари.

**Нови вработувања**

Во периодот Јануари - Септември 2018 година во Алкалоид се реализирани 144 нови вработувања во Република Македонија.

**Поважни позиции од билансот на успех**

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот Јануари - Септември 2018 година, структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следните табели:

**Единечни продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2018 | | 2017 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **18/17** |
| Домашен пазар | 2.068.558 | 37 | 1.985.444 | 39 | 104 |
| Странски пазар | 3.449.180 | 63 | 3.157.767 | 61 | 109 |
| **Вкупно:** | **5.517.738** | **100** | **5.143.211** | **100** | **107** |

**Консолидирани продажби на готови производи и услуги**

(Во 000 Ден)

| | 2018 | | 2017 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **18/17** |
| **Македонија** | **2.686.530** | **37** | **2.585.504** | **39** | **104** |
| Југоисточна Европа | 2.478.146 | 34 | 2.154.926 | 32 | 115 |
| Русија и други земји во ЗНД | 425.052 | 6 | 435.953 | 7 | 97 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 1.500.530 | 21 | 1.391.799 | 21 | 108 |
| Други земји (САД, Турција и др.) | 126.593 | 2 | 78.459 | 1 | 161 |
| **Вкупно странски пазари** | **4.530.321** | **63** | **4.061.137** | **61** | **112** |
| **Вкупно:** | **7.216.851** | **100** | **6.646.641** | **100** | **109** |

Од вкупните консолидирани продажби, 63% се остварени на странски пазари. Најголем пораст кај извозните пазари е остварен во следните земји: Унгарија раст од 330%, Полска раст од 247%, Чешка раст од 149%, Украина раст од 120%, САД раст од 86%, Грузија раст од 27%, Србија раст од 25%, Романија раст од 22%, Косово раст од 21% итн.

(Во 000 Ден)

| | 2018 | | 2017 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Групи на производи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **18/17** |
| Антибиотици | 1.000.881 | 14 | 894.267 | 13 | 112 |
| ОТЦ препарати | 1.536.189 | 21 | 1.414.937 | 21 | 109 |
| Кардиолошки препарати | 1.221.998 | 17 | 1.102.312 | 17 | 111 |
| Невролошки препарати | 941.425 | 13 | 866.999 | 13 | 109 |
| Останати линии | 682.772 | 9 | 611.118 | 9 | 112 |
| **Вкупно производи - Алкалоид** | **5.383.265** | **75** | **4.889.633** | **74** | **110** |
| Трговска стока | 680.463 | 9 | 642.967 | 10 | 106 |
| Услуги и останати приходи | 32.412 | 0 | 53.927 | 1 | 60 |
| **Вкупно Фармација** | **6.096.140** | **84** | **5.586.527** | **84** | **109** |
| **Вкупно Хемија** | **188.301** | **3** | **225.432** | **3** | **84** |
| **Вкупно Козметика** | **705.899** | **10** | **660.140** | **10** | **107** |
| **Вкупно Билкарство** | **226.511** | **3** | **174.542** | **3** | **130** |
| **Вкупно:** | **7.216.851** | **100** | **6.646.641** | **100** | **109** |

**Поважни позиции од билансот на успех (продолжение)**

**Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)**

**(Во 000 Ден)**

| | **2018** | | **2017** | | **Инд** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **18/17** |
| Единечна ЕБИТДА | 1.070.876 | 19 | 978.095 | 19 | 109 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 1.094.887 | 15 | 1.018.511 | 15 | 107 |

**Нето добивка**

**(Во 000 Ден)**

| | **2018** | | **2017** | | **Инд** |
|---|---|---|---|---|---|
| | **Износ** | **% во Продажби** | **Износ** | **% во Продажби** | **18/17** |
| Единечна Нето добивка | 611.467 | 11 | 565.186 | 11 | 108 |
| Консолидирана Нето добивка | 587.393 | 8 | 553.940 | 8 | 106 |

Остварената единечна Нето добивка во 2018 година изнесува 611.467 илјади денари и во споредба со остварената во 2017 година бележи зголемување за 8%.

Остварената консолидирана Нето добивка во 2018 година изнесува 587.393 илјади денари и во споредба со остварената во 2017 година бележи зголемување за 6%.